**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.08-65**
**10.03.2022 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), член 24 став 5 од Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, арх.бр.01-6222/1 од 12.12.2014 година, Известување за престанување на вршење на дејност од ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје бр.03-82 од 01.03.2022 година (наш Уп1 бр.08-65 од 01.03.2022 година), Изјавата од Владимир Перчуклиевски од Скопје - управител на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје (наш Уп1 бр.08-65 од 07.03.2022 година), заверена на нотар УЗП бр.3644/2022 од 04.03.2022 година, Изјавата од Владимир Билбилов од Скопје - управител на Друштвото за трговија и услуги ПРЕМИУМ АГС ДОО увоз-извоз Скопје, кое правно лице е единствен основач/сопственик на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје (заверена на нотар) УЗП бр.2620/2022 од 04.03.2022 година, а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година и Заклучокот арх.бр.02-915/9 од 10.03.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 9-та седница одржана на 10.03.2022 година, донесе:

# Решение
## за бришење од регистарот на радиодифузери

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје.

2. Решението се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Агенцијата.

3. Ова решение влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Трговското радиодифузно друштво (ТРД) СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, е имател на дозвола за телевизиско емитување бр.08-11 од 05.01.2015 г., со важност од 9 (девет) г. (од 5 јануари 2015 г. до 4 јануари 2024 г.), за емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс, на регионално ниво на подрачјето Д1- Црн Врв - Скопје (Скопје, Петровец, Арачиново, Чучер Сандево, Сопиште, Студеничани, Зелениково и Илинден), телевизиски програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик.

На 01.03.2022 г. ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, по електронски пат, на официјалната е-маил адреса (contact@avmu.mk) на Агенцијата достави Известување за престанување на вршење на дејност бр.03-82 од 01.03.2022 г. (наш Уп1 бр.08-65 од 01.03.2022 г.), дека согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје заклучно со 28.02.2022 г. престанува со емитување на телевизиска програма, при што побара од Агенцијата да донесе Решение за престанок на важноста на дозволата на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје по сила на закон. Како прилог кон цитираното Известување беа доставени и две изјави, од кои: Изјава дадена од страна на Владимир Перчуклиевски од Скопје, во својство на управител на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје (заверена на нотар) УЗП бр.3333/2022 од 01.03.2022 г. и Изјава дадена од страна на Владимир Билбилов од Скопје во својство на управител на Друштвото за трговија и услуги (ДТУ) ПРЕМИУМ АГС ДОО увоз-извоз Скопје, кое правно лице е единствен основач/сопственик на радиодифузерот ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје (заверена на нотар) УЗП бр.2451/2022 од 01.03.2022 г., со која изјавуваат дека радиодифузерот ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје заклучно со 28.02.2022 г. престанува со емитување на телевизиска програма. При увид во доставените изјави, од страна на Агенцијата беше констатирано дека во истите треба да се извршат одредени корекции од техничка природа. Со оглед на наведеното, ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје до Агенцијата на 07.03.2022 г. достави нови коригирани изјави (наш Уп1 бр.08-65), и тоа: Изјава дадена од страна на Владимир Перчуклиевски од Скопје, во својство на управител на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје (заверена на нотар) УЗП бр.3644/2022 од 04.03.2022 г. и Изјава дадена од страна на Владимир Билбилов од Скопје во својство на управител на ДТУ ПРЕМИУМ АГС ДОО увоз-извоз Скопје, кое правно лице е единствен основач/сопственик на радиодифузерот ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје (заверена на нотар) УЗП бр.2620/2022 од 04.03.2022 г., со која изјавуваат дека радиодифузерот ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје заклучно со 28.02.2022 г. престанува со емитување на телевизиска програма.

Согласно член 85 став 1 алинеја 2 од ЗААВМУ, дозволата за телевизиско или радио емитување престанува да важи по сила на закон со писмена изјава на имателот со која се известува Агенцијата дека престанува со емитувањето на радио или телевизиска програма. За престанок на важност на дозволата за телевизиско или радио емитување по сила на закон Советот не носи одлука. Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да важи по сила на закон (член 85 став 2).

ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје по основ на годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување има долг кон Агенцијата, во вкупен износ од 57.727,00 денари (со вклучен ДДВ), во однос на кој согласно член 24 став 5 од Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата, на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје му се издава нова фактура, која се однесува само на периодот на работењето од 05.01.2022 г. заклучно до 28.02.2022 г. - период наведен во доставените Изјави (заверени на нотар) УЗП бр.3644/2022 од 04.03.2022 г. и УЗП бр.2620/2022 од 04.03.2022 г., која фактура треба да се плати не подоцна од 8 (осум) дена од денот на нејзиното издавање.

Следствено на наведеното, а имајќи го предвид членот 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и напредцитираните дадени Изјави, исполнети се законските услови за бришење на радиодифузерот ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје од регистарот на радиодифузери.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Изјавата од Владимир Перчуклиевски од Скопје - управител на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, (заверена на нотар) УЗП бр.3644/2022 од 04.03.2022 година, Изјавата од Владимир Билбилов од Скопје - управител на ДТУ ПРЕМИУМ АГС ДОО увоз-извоз Скопје, кое правно лице е единствен основач/сопственик на радиодифузерот ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје (заверена на нотар) УЗП бр.2620/2022 од 04.03.2022 г., а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и

аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 г., се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1; и
- Трговското радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.